МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

Предлог-закони утврдени на седница на Владата во период од 1 до 31 декември 2019 г.

120

Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР: 25

- Утврдени на Влада, „Затворени“ на ЕНЕР: 4
- Утврдени на Влада, уште „Отворени“ на ЕНЕР: 21

Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации на ЕНЕР: 1

- Утврдени на Влада, „Затворени“ на ЕНЕР: 1
- Утврдени на Влада, уште „Отворени“ на ЕНЕР: 0

Бр. на предлог- закони кои се утврдени на Влада и за кои има обврска да бидат ставени на ЕНЕР но не се објавени на ЕНЕР: 94

**Табела.** Преглед на поднесени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| Мф | 49 | 46 | 93.89% |
| МЗ | 23 | 21 | 91.3% |
| МТСП | 17 | 17 | 100% |
| МЖСПП | 7 | 0 | 0 % |
| МЕ | 9 | 4 | 44.44% |
| МИОА | 1 | 0 | 0% |
| МП | 3 | 2 | 66.67% |
| МТВ | 8 | 4 | 50% |
| МВР | 1 | 1 | 100% |
| МОН | 2 | 0 | 0% |
| ВКУПНО | 120 | 95 | 79.17% |

*Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од Македонски центар за меѓународна соработка во партнерство со АДИ, Гостивар и Медиа плус, Штип. Во рамките на Граѓанскиот ресурсен центар се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР) Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Оваа активност е продолжување на Проектот Огледало на Владата www.ogledalonavladata.mk, отпочнат во 2012 г., со поддршка на ЕУ(ЕИДХР) и УСАИД.*

**Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена*

## Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР

## бр. 50

**кај 25 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

**94 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот според бројчаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен“ значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста. „Затворен“ значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите поставени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кои во текот на декември биле утврдени на седница на Владата. Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 113/2017*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.

Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието и од записниците достапни на веб-страницата на Владата.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 31 декември 2019 г., до Собранието беа поднесени вкупно **148** предлог-закони од кои за **120** предлог-закони постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР. Од тие 120 предлог-закони, 26 беа ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста и рокот за консултации од 20 дена е испочитуван кај сите освен кај еден предлог-закон, но статусот на ЕНЕР не е сменет во "Затворен" кај 21 предлог-закон. Останатите 28 предлог-закони немаат обврска да бидат ставен на ЕНЕР бидејќи 25 се предложени од групи на пратеници а три се ратификации.

Предлог-законите за кои е испочитувана обврската за консултации се: Предлог-закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа, Предлог-закон за данок на моторни возила, предложени од **Министерство за финансии,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствена инспекција, Предлог-закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, предложени од **Министерство за здравство,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за генетски модифицирани организми, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за водите, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување предложени од **Министерство за животна средина и просторно планирање,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, Предлог-закон за изменување на Законот за контрола на предмети од скапоцени метали, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, Предлог-закон за изменување на Законот за таксата на привремен престој, Предлог-закон за изменување на Законот за угостителската дејност, предложени од **Министерство за економија,** Предлог-закон за висока раководна служба, предложен од **Министерство за информатичко општество и администрација,** Предлог-закон за образование на возрасните, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука, предложени од **Министерство за образование и наука,** Предлог-закон за меѓународно приватно право, предложен од **Министерство за правда,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем, предложени од **Министерство за транспорт и врски.**

Предлог-законот што е поставен на ЕНЕР, но за кој не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена е: Предлог-закон за изменување на Законот за метрологијата, предложен од **Министерство за економија.**

**94**-те предлог-закони што не беа ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста, беа предложени од следните министерства: Министерството за финансии (46 предлог-закони) Министерство за здравство (21 предлог-закон), Министерство за труд и социјална политика (17 предлог-закони), Министерство за транспорт и врски (4 предлог-закони), Министерство за економија (3 предлог-закони), Министерство за правда (2 предлог-закони) и Министерство за внатрешни работи (1 предлог-закон).

Голем дел од предлог-законите доставени до Собрание во декември 2019 се усогласување со одредбите од Законот за прекршоците и Законот за инспекциски надзор и усогласување на целиот текст на соодветниот закон со Амандман XXXIII на Уставот. Дополнително, во околу дваесетина од овие предлог-закони, покрај претходно наведените усогласувања, се прават и дополнителни помали измени на соодветните закони. Сепак, обврската за објава на ЕНЕР на одреден предлог-закон не се поврзува со содржината на самите измени (со исклучок на законите со кои се вршат интервенции од нормативно-правен карактер, и тоа: номотехнички интервенции, терминолошко усогласување со други закони и јазично или редакциско уредување на текстот на законот) па од тука без разлика какви и да се измените и дополнувањата останува обврската на поднесувачот на предлог-законот да ја почитува процедурата.   Овде особено ќе ги наведеме следните предлог-закони за измени и дополнувања на постоечки закони кои се од пошироко значење за јавноста: Предлог-закон за изменување на Законот за здравствена заштита; Предлог-закон за изменување на Законот за заштита од пушењето; Предлог-закон за изменување на Законот за работните односи; Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика; Предлог-закон за изменување на Законот за стоковните резерви.

Во низа од предлог-законите глобите се намалуваат и тоа и до 50% од досегашните со што имаме речиси идентична состојба која и пред парламентарните избори во 2016 беше констатирана. Понатаму, кај дел од законите не се прави само усогласување со Законот за прекршоци, туку има и други измени и дополнувања што потврдува дека измените не се само од техничка природа и дека истите може да имаат и пошироко влијание. Ако се земе фактот дека одредени министерства објавиле на ЕНЕР некои од предлог измените кои се во делот на законски усогласувања, останува спорно зошто тоа не го направиле во целост и зошто тоа не го направиле сите подносители.

Покрај предлог-закони за измени и дополнувања на закони, кои не се ставени на ЕНЕР, треба да се напомене дека во овој период има неколку нови предлог-закони кои што исто така не се поставени на ЕНЕР, и тоа: Предлог-закон за огласување ништовност и поништување на правни акти, дејствија, мерки и правни последици од постапките за лустрација, предложен од **Министерство за правда**, Предлог-закон за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, по скратена постапка, предложен од **Министерство за транспорт и врски**, Предлог-закон за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија, по скратена постапка, Предлог-закон за престанување на важењето на Законот за трговија на зелени пазари, предложени од **Министерство за економија**, Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска Банка по договорот за заем за финансирање на проектот за администрирање на социјалното осигурување, по скратена постапка, Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за проектот "Пречистителна станица за отпадни води во Скопје", по скратена постапка, Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија, по скратена постапка,  Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем за финансирање на Програмата за наводнување на Северна Македонија, по скратена постапка, предложени од **Министерство за финансии.**